ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-133/9**

**Дата: 28.06.2012**

**ДО**
**ДМБУЦ „ИЛИЈА НИКОЛОВСКИ - ЛУЈ“ - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државен музичко - балетски училишен центар „Илија Николовски – Луј“ - Скопје (во натамошниот текст ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - Скопје ) на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787-14), за 2011 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата е констатирано дека незаконски се остварени приходи од партиципација за основно образование и приходи од спонзорство за финансирање на изведни концерти и меѓународни натпревари без склучен договор, признаени се расходи за плаќања со дајнерс картичка со непостоење на уредна и веродостојна документација, вршени се исплати за привремени вработувања на несоодветен начин, регистрираните податоци во финансискиот извештај Биланс на состојба не се усогласени со податоците од главната книга со состојба на 31.12.2011 година, не се евидентирани побарувања за електрична енергија потрошена од други потрошувачи и утврдени се слабости во постапките за јавни набавки на материјали.

Со цел подобрување на состојбата ревизијата препорачува да се најде законско решение за наплата на партиципација за основното образование, да се склучуваат договори за добиени средства по основ на спонзорство, да се вршат плаќања врз основа на веродостојна и комплетна документација, одговорните лица да вршат навремено и целосно утврдување, евиденција и наплата на побарувањата, да се

обезбеди целосно, точно и ажурно регистрирање на трансакциите и промените на средствата во деловните книги и набавките на материјали и услуги да се вршат согласно утврдените постапки со Законот за јавни набавки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 9 до 11 заедно со ревизија на усогласеност на ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - Скопје на сметката на буџет на самофинансирачки активности (787-14) за 2011 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2011 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Зоран Џорлев, директор до 28.01.2011 година, и
- Јован Бицевски, вд директор од 28.01.2011 година до 07.09.2011 година, од кога е именуван за директор

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради изнесеното во делот „Цели и делокруг на ревизијата“ ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - Скопје, на ден 31 декември 2011 година.

2. **Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - Скопје не ги прикажало реално позициите во Билансот на состојба поради неусогласеност на состојбите со сметководствената евиденција на ден 31.12.2011 година и не евидентирало побарувања за електрична енергија регистрирана на броилата на уште пет правни субјекти. Поради наведеното, ние не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи на ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - Скопје, за 2011 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 26.03.2012 до 19.04.2012 година кај ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 09.05.2012 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 21-133/4 од 21.05.2012 година.
Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Финансиски извештаи

**Биланс на приходи и расходи**

3.1.1. Во текот на 2011 година ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - Скопје остварило приходи од партиципација за основно образование во износ од 2.741 илјади денари, што не е во согласност со член 162 од Законот за основно образование во кој е децидно наведено дека средствата за финансирање на дејноста на основното образование се обезбедуваат од Буџетот на РМ. Приходите се остварени врз основа на донесена Одлука од Училишниот одбор од 2006 година, со образложение дека се зголемуваат задолжителните трошоци за нормално одвивање на наставата, а има рестрикција на наменски одобрените буџетски средства од Министерството за образование и наука.
Поради ваквото постапување, ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - Скопје неосновано остварил приходи во висина на горененеведениот износ.

**Препорака**
Имајќи ја предвид специфичноста на наставната програма која се изведува во основното училиште во состав на ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ – Скопје, потребно е надлежните органи на училиштето во координација со Министерството за образование и наука да најдат законско решение за начинот на партиципирање во основното образование од страна на учениците.

3.1.2. Во деловните книги на училиштето евидентирани се приходи по основ на спонзорство за финансирање на изведни концерти и меѓународни натпревари во износ од 172 илјади денари, без да се склучи договор со давателот на средствата во кој ќе биде утврдена нивната намена и до истиот да се достави известување за користењето на добиените средства, што не е во согласност со член 4 и член 19 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Ваквата состојба создава можност и ризик за ненаменско и незаконско користење на средствата за целта за која се одобрени.

**Препорака**

Одговорното лице во училиштето при добивање на средства како спонзорство да пристапи кон склучување на договор со давателот на средствата и да му достави известување за користењето на средствата.

3.1.3. Во текот на 2011 година училиштето континуирано ангажира девет физички лица за извршување на работи по основ на договор за дело преку агенција за привремени вработувања (седум хигиеничари и двајца портири) за кои се искажани расходи за надоместоци, за персонален данок и провизија за авторски права, во вкупен износ од 810 илјади денари. Начинот на ангажирање на овие лица не е во согласност со член 22 од Законот за работни односи каде е утврдено дека потребата од работници се обезбедува со објавување на јавен оглас, член 51 од Законот за буџетите кој се однесува на обезбедување на потребните средства и согласности и Законот за Агенции за привремени вработувања.

Непочитувањето на наведените закони создава можност за необјективен пристап при одлучувањето за потреба од ангажирање на лица, неостварување на правата од работен однос односно право на ПИО и здравствено осигурување и ненаменско и незаконско користење на средствата.

**Препорака**

Надлежните органи при ангажирање на работници да ги преземат сите законски активности и за истите да обезбедат согласност од Министерство за финансии.

**Биланс на состојба**

3.1.4. Наодот од точка 3.2.2. алинеа 1 и алинеа 2 од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет, во врска со неусогласеност на состојбите на материјалните средства искажани во Билансот на состојба со состојбите искажани во главната книга од сметководствената евиденција со состојба на 31.12.2011 година, се однесува и на сметката на буџет од самофинансирачки активности. На оваа сметка не се евидентирани: амортизација и ревалоризација, дел од вишокот за пренос во наредна година и обврски за даноци и придонеси од добивката и погрешно се пренесени состојби од претходната година.

3.1.5. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на ставката Побарувања искажани во деловните книги и Билансот на состојба со 31.12.2011 година поради неевидентирање на побарувања по основ на потрошена електрична енергија на потрошувачите чии мерила се сместени во објектот на училиштето поради немање пишан акт со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски со потрошувачите. Ваквата состојба не е во согласност со член 19 став 5 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за облигациони односи.

Непостоењето на пишан акт/договор и ненавременото евидентирање на побарувањата не овозможува превземање на мерки за нивна редовна наплата што создава ризик од нецелосна реализација на приходите.

**Препорака**
Одговорните лица во училиштето да пристапат кон склучување на договори со потрошувачите и да се воспостави навремена и точна евиденција на побарувањата по основ на потрошена електрична енергија.

## 3.2. Користење на средствата согласно законските прописи

**Јавни набавки**

3.2.1. Наодот од точка 3.3.1. од Нацрт извештајот за сметката на основен буџет, во врска со проширување на асортиманот на набавките, се однесува и на сметката на буџет од самофинансирачки активности. Од оваа сметка се исплатени 67 илјади денари за набавка наканцелариски материјали и ситен инвентар.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точка 3.1.4. и 3.1.5. погоре, кои се однесуваат на неусогласеност на податоците регистрирани во главната книга со податоците од Билансот на состојба и неевидентирани побарувања за потрошена електрична енергија од други правни лица, ревизијата се воздржа од давање на мислење за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31.12.2011 година.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1.4. и 3.1.5. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - Скопје на ден 31 декември 2011 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - Скопје - сметка на буџет од самофинансирачки активности, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 5. Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања

5.1.1. Во текот на ревизијата е спроведена корекција во Билансот на состојба заради усогласување на активата со пасивата, со која тековните обврски се зголемени за износ од 592 илјади денари. Корекцијата е спроведена во налог за книжење бр. 59 од 10.04.2012 година.

Скопје, 22.06.2012 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 3.502 | 3.410 |
| Трансфери и донации | 175 | 400 |
| **Вкупно приходи** | **3.677** | **3.810** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 2.723 | 3.568 |
| **Вкупно тековни расходи** | **2.723** | **3.568** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 194 | 78 |
| **Вкупно капитални расходи** | **194** | **78** |
| **Вкупно расходи** | **2.917** | **3.646** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **760** | **164** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред** | 7 | 19 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **753** | **145** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 767 | 175 |
| **Вкупно тековни средства** | **767** | **175** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 3.700 | 3.545 |
| **Вкупно постојани средства** | **3.700** | **3.545** |
| **Вкупна актива** | **4.467** | **3.720** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 7 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 760 | 175 |
| **Вкупно тековни обврски** | **767** | **175** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 3.700 | 3.545 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **3.700** | **3.545** |
| **Вкупна пасива** | **4.467** | **3.720** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
| | | |
| **Состојба 01.01.2011 година** | 3.545 | 3.545 |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | 155 | 155 |
| Набавки | 155 | 155 |
| | | |
| **Состојба 31.12.2011 година** | 3.700 | 3.700 |